**Политика на приватност на клиенти – физички лица**

Во однос на личните податоци кои што ХАЛКБАНК ги обработува за своите клиенти и физички лица - **Збирка со лични податоци на клиенти - физички лица** (евиденција на воспоставени деловни односи со клиентите (дебитни и кредитни картички, депозити, е-банкарство, мобилно банкарство, шалтерско работење), евиденција на клиенти за кои се доставуваат податоци до надлежни институции согласно закон (Народна банка на Република Северна Македонија, Управа за финансиско разузнавање, Управа за финансиска полиција и други институции согласно закон), евиденција на присилна наплата на побарувања, евиденција на кредитирање на физички лица - маркетинг активности до поднесување на барање; евиденција на лични податоци за обработка на цели на директен маркетинг).Банката во самите документи (обрасци, барања, договори...) кои што се потпишуваат при засновање на клиентскиот однос има обезбедено транспарентни информации во однос на обработката на личните податоци на клиентите.

Личните податоци од Збирка со лични податоци на клиенти - физички лица се обработуваат за цели на исполнување на договор со физичкото лице (или со цел да се преземат чекори пред да се склучи договор со физичкото лице), заради исполнување на законска обврска за ХАЛКБАНК или согласно дадена согласност за обработка на лични податоци за конкретна цел (пр. директен маркетинг).

Субјектот на лични податоци има право да ја повлече дадената согласност за обработка на негови лични податоци за цели на директен маркетинг, при што по повлекување на согласноста ХАЛКБАНК нема повеќе да ги обработува податоците на субјектотот за цели на доставување на промотивни и други понуди за вршење на директен маректинг до субјектот на личните податоци.

Рокот на чување на личните податоци од евиденцијата на воспоставени деловни односи со клиентите во врска со банкарски и финансиски активности е 10 години од последната трансакција (уплата и/или исплата на готовина, уплата (прием) и исплата на депозит, размена на валути, пренос на средства, склучување договори, набавка и купопродажба на стоки и услуги, продажба или отстапување на основачки вложувања, купопродажба или отстапувања на акции или удели, регистрација на хартии од вредност или пренос на хартии од вредност или друг имот и друга активност која ја врши ХАЛКБАНК согласно со законските овластувања). Во случаите каде обработката на лични податоци се врши врз основа на согласност (пр.за цели на вршење директен маркетинг), овие лични податоци за конкретаната цел за која е дадена согласноста се чуваат до повлекувањето на согласноста од страна на субјектот на личните податоци.

Евиденција на лични податоци содржани во аудио записи се води заради контрола и подобрување на квалитетот на услугите и производите кои го нуди Банката (без можност за специфична техничка обработка на гласот и без можност за идентификација или потврдување на идентитетот на физичките лица), односно овие записи се бришаат во рок од 90 дена од периодот на евидентираниот аудио запис.

Личните податоци кои согласно закон ги обработува и води ХАЛКБАНК, може да ги открие на следните категории на корисници:

- Органи на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело, во рамките на нивните овластувања и под услови утврдени во согласност со закон;
- Јавни служби согласно закон;
- Физички и правни лица кои за конкретен случај имаат статус на корисник согласно Законот за заштита на личните податоци, кој е овластен да ги обработува тие лични податоци, следејќи ги и приемнувајќи ги притоа правилата за заштита на личните податоци и прописите во однос на банкарската тајна (извршители, адвокати, нотари...).

За сите случаи кога ХАЛКБАНК дава лични податоци на користење, води посебна евиденција, согласно Законот за заштита на личните податоци.

Клиентите своите права како субјекти на личните податоци согласно одредбите за заштита на личните податоци, можат да ги остварат на начинот опишан во делот ,,**Кои се Вашите права?“ од Политиката за приватност.**